# КОМОРСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ

## *Еден регион - една економија*

Chamber Investment Forum

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA | PRIVREDNA KOMORA SRBIJE 1857 | U.C.C.I.AL | FOREIGN TRADE CHAMBER OF BOSNIA AND HERZEGOVINA | ODA EKONOMIKE E KOSOVËS | KOSOVA CHAMBER OF COMMERCE | CHAMBER OF ECONOMY OF MONTENEGRO

### ПОЧЕТОЦИТЕ НА КИФ

- Коморскиот инвестициски форум е основан со имплементацијата на заклучоците од „Берлинскиот процес“, преку јакнењето на регионалната соработка, на 27 август 2015 година, во Виена, за време на одржувањето на Виенскиот самит, од страна на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан (Стопанската комора на Македонија, Унијата на стопански комори на Албанија, Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Косово)





Во јули 2017 година е отворена канцеларијата на Генералниот секретаријат на Коморскиот инвестициски форум со седиште во Трст, кој е главна поддршка на бизнис заедницата во регионот задолжен за реализација на заеднички проекти, кои ќе станат дел од Повеќе годишниот план за создавање Регионална економска област на Западен Балкан. Овие проекти е планирано да условат подигнување на нивото на инвестиции, конкурентност и слободно движење на работната сила.





# ЦЕЛИ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ

Активностите на Коморскиот инвестициски форум се насочени кон унапредување на конкурентноста на економиите од регионот со поврзување на бизнис заедниците од 6-те земји, подобрување на бизнис климата во регионот и зголемување на стоковната размена со земјите од Западен Балкан, но и пошироко, преку:

- зголемена регионална економска соработка;
- промовирање на понатамошна трговска интеграција;
- воведување динамичен регионален инвестициски простор;
- олеснување на регионалната мобилност и
- креирање агенда за дигитална интеграција.

Коморите здружение преку КИФ дејствуваат со цел да се постигне поефикасно вклучување на бизнис заедницата од регионот во процесите на имплементација на инфраструктурните проекти кои се во тек, или кои се планирани, како и во однос на други проекти од важност за економскиот просперитет на земјите од Западен Балкан, со потенцирање на развојот на конкурентноста на економиите од регионот преку поврзани бизниси, соработка и координирани активности.











# ГЛАВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ

Активностите преку проектите кои ќе бидат имплементирани преку Коморскиот инвестициски форум се базираат на неколку клучни прашања:

- Зголемување на конкурентноста на компаниите од регионот, преку заедничко учество на саеми и други настани од меѓународен карактер, креирање на заеднички производи и ланци на снабдување, и заеднички настап на трети пазари;
- поддршка на процесот на дигитална трансформација на компаниите, преку сертифицирање на консултанти за дигитализација;
- креирање на услуги приспособени на потребите на извозните компании;
- воведување на системот на дуално образование, во насока на обезбедување на квалификуван кадар согласно потребите на компаниите, и обезбедување на услови за регионална мобилност;

Коморскиот инвестициски форум во моментот спроведува или е во фаза на започнување на повеќе проекти, со финансиска поддршка на Европската Банка за обнова и развој, Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), Германската инвестициона банка KFW, Австриската федерална стопанска комора, Австриската агенција за развој (АДА), Европската комисија преку IPA II фондовите.








**www.investinsee.com**

Коморскиот инвестициски форум, со поддршка на Европската Банка за обнова и развој, ја подготви **Регионалната инвестициска платформа (www.investinsee.com),** на која може да се добијат сите потребни информации поврзани со условите и поволностите за инвестирање, но и да се обезбедат одговори на конкретните прашања на бизнис заедницата заинтересирана за инвестирање во земјите од Западен Балкан, вклучувајќи база на податоци за макроекономските показатели, правната рамка, пазарот, финансиските и други стимулации, потенцијалните партнери и добавувачи, како и конкретни проекти во кои може да се инвестира. Платформата, помеѓу останатото, содржи **Правна и даночна база на податоци**, во која се содржани детални информации, кои може да се од интерес за инвеститорите кои сакаат да започнат активности во некоја од земјите од Западен Балкан – вклучувајќи ги помеѓу другото прашањата за регистрација на трговско друштво, пазарот на капитал, јавните набавки, вработувањето, даночниот и царинскиот режим, визниот режим и обезбедувањето на работни дозволи за странци, решавањето на споровите, правната рамка која се однесува за заштита на инвестициите.